ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-580/1
**Дата:** 08.05.2020

Врз основа на член 9 точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), член 116, член 123, член 125 и член 132 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, испр. 149/2009, 10/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 106/2014, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019), член 26 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 10/2008 и број 85/2009), Главниот државен ревизор донесе:

# О Д Л У К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНО ВРЕМЕ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## Член 1

Распоредот на работното време за вработените во Државниот завод за ревизија, се утврдува со почеток на работното време помеѓу **7:30** и **8:30** часот и завршеток на истото помеѓу **15:30** и **16:30** часот, а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

Овластените државни ревизори / државните ревизори кои се членови на ревизорски тимови за време на работа на терен, имаат обврска да го известат помошникот на главниот државен ревизор односно раководителот на ревизија за изборот на почетокот и крајот на работното време на теренска работа, кое задолжително треба да биде во вкупно траење на работниот ден од осум часа и истото да биде прилагодено на работното време на субјектот кој е предмет на ревизија.

## Член 2

Паузата во текот на дневното работно време во Државниот завод за ревизија од член 1 од оваа Одлука ќе се користи од **12:00** часот до **12:30** часот, во вкупно времетраење од **30** минути.

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", Rr. „Jordan Mijallkov", Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

**Член 3**

Евидентирањето на работното време и користењето на паузата во текот на работниот ден за вработените во просториите на Државниот завод за ревизија се врши со користење на „електронскиот систем за евиденција на работно време", согласно процедурите за ИТ безбедносни политики при Државниот завод за ревизија.

**Член 4**

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа одлука, престануваат да важат сите претходни акти за утврдување распоред на работното време на вработените во Државниот завод за ревизија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување.

Оваа одлука, со денот на нејзиното донесување ќе се објави на огласна табла во Државниот завод за ревизија и ќе биде поставена на електронските медиуми за внатрешна комуникација, односно на интранет делот од официјалната веб страна на Државниот завод за ревизија и во јавна папка.

***Образложение***

Согласно Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, почетокот, распоредот и завршувањето на работното време, го утврдува работодавачот, односно работоводниот орган, во согласност со закон, актот на органот на државната управа од соодветната област или колективен договор на ниво на дејност.

Имајќи го предвид горенаведеното, Одлуката за утврдување на распоред на работното време во Државниот завод за ревизија се носи со цел да се овозможи ефикасно, економично и ефективно извршување на работните задачи како и адаптирање на работното време во Државниот завод за ревизија на работното време во субјектите предмет на ревизија кое е определено со Одлука за утврдување распоред на работно време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 160/2019, 92/2020, 95/2020 и 107/2020) како и со актите за распоред на работно време на сите останати субјекти предмет на ревизија.

**Главен државен ревизор**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: м-р Александар Поповски